**Коментар**

за финансиските резултати на Охридска банка АД Скопје остварени во периодот јануари – декември 2019 година

**<u>Билансот на состојба</u>** на Банката на крајот од 2019 година изнесува 42.334 милиони денари и е за 4,3% над планираното. Во споредба со крајот на 2018 година, тој е на повисоко ниво за 2.775 милиони денари или за 7,0 %, како резултат на порастот на клиентските депозити и на средствата повлечени по основа на кредитни линии од меѓународните финансиски институции.

Депозитите на клиентите, со учество од 70,7 %, се доминантен извор на финансирање на активностите на Банката и во споредба со крајот на минатата година, бележат пораст од 787 милиони денари или од 2,7 % и се во линија со планираниот износ.

Во вкупните клиентски депозити, депозитите од правни лица (нефинансиски и финансиски друштва) учествуваат со 54,7 %, а депозитите од населението учествуваат со 45,3 %.

Депозитите од правни лица бележат зголемување од 128 милиони денари или од 0,8 %, при што средствата на трансакциските сметки бележат пораст од 266 милиони денари, додека орочените депозити намалување од 138 милиони денари. Врз движењето на депозитите од правните лица во текот на годината и на нивната состојба на крајот од годината, покрај цикличниот карактер, влијание има и движењето на депозитите од големите и од интернационалните клиенти, што е поврзано со нивните комерцијални активности и ликвидносни потреби и планирања на ниво на матичните групации.

Депозитите од населението споредено со 2018 година се зголемени за 658 милиони денари или за 5,1 %, при што депозитите по видување бележат пораст од 6,9 %, додека орочените депозити пораст од 4,0 %.

Депозитите од банки бележат зголемување од 650 милиони денари, односно од 95,3 % во споредба со крајот на минатата година, што е резултат на краткорочно орочените депозити од матичната банка – *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД.

Средствата од меѓународните финансиски институции имаат учество од 9,5 % во вкупните обврски, во кои се застапени кредитните линии од ЕИБ, ЕБРД, Развојната банка на С. Македонија, ГГФ и од ЕФСЕ, и во споредба со крајот на 2018 година, бележат зголемување од 24,4%. Порастот е резултат на новоповлечените средства од кредитната линија од ЕФСЕ и од кредитната линија од ЕБРД.

Акционерскиот капитал и резервите на Банката достигнаа износ од 4.530 милиони денари и бележат зголемување од 5,6 % во споредба со претходната 2018 година како резултат на алокацијата на профитот на Банката од претходната година во нераспределената добивка и резерви, што е во согласност со планот на Банката за јакнење на капиталната основа во функција на поддршка на порастот на своите комерцијални активности.

На страната на активата, расположливите средства во најголем дел се алоцирани во комерцијалните пласмани на клиентите, кои учествуваат со 68,2 %, потоа следуваат паричните

средства и паричните еквиваленти, кои учествуваат со 26,8 %, пласманите во хартии од вредност со 2,8 % и другите средства со 2,2 %.

Вкупните бруто-кредити на комитентите на крајот од 2019 година изнесуваат 30.930 милиони денари, од кои 53,6 % се кредити на правни лица, а 46,4 % се кредити на физички лица. На годишно ниво, вкупните кредити на комитентите се зголемени за 474 милиони денари или за 1,6 %, со реализација на планот од 95,8 %.

Кај кредитите на населението, според типот на производите најголемо е учеството на потрошувачките кредити, и тоа со 41,7 %, следуваат станбените кредити со учество од 38,4 %, хипотекарните кредити со 10,5 %, кредитните картички учествуваат со 3,7 %, пречекорувањата со 3,1 % и другите со 2,6 %.

Пласманите во ликвидната актива се во согласност со ликвидносните потреби на Банката, со рочниот и со валутниот аспект на средствата и на изворите и со одржувањето на нивото на задолжителната резерва, со соодветно запазен профитабилен аспект.

**Кумулативниот реализиран финансиски резултат,** пред оданочувањето, за периодот од 1.1.2019 до 31.12.2019 г. изнесува 263,3 милиони денари, со реализација на планот од 45,4 %. На остварениот резултат големо влијание имаа повисокиот раст на исправката на вредноста на финансиските средства и намалувањето на нето-каматната маргина, додека пак нето-приходите од провизии и нето-приходите од курсни разлики бележат зголемување во споредба со претходната година.

Нето-приходите од камати на крајот од 2019 година изнесуваат 1.109 милиони денари и во однос на минатата година се намалени за 61,8 милиони денари или за 5,3 %, со реализација на планот од 92,6 %. Реализацијата на нето-каматните приходи во најголем дел е под влијание на значителниот пазарен притисок, а со тоа е поврзан и падот на активните каматни стапки, за кој пазарните услови не дозволуваат да биде соодветно компензиран на страната на изворите на средства.

Приходите од камати бележат намалување од 8,9 милиони денари, што во најголем дел е резултат на пониските каматни приходи од пласмани кај секторот Компании, кој беше под најголем пазарен и конкурентски притисок кај активните каматни стапки, додека намалувањето на приходите од камати кај пласманите во хартии од вредност (благајнички и државни записи) е поврзано со значајно намалените каматни стапки од страна на НБРСМ и на Министерството за финансии за соодветните пласмани. Приходите од камати на кредитите кај населението, и покрај влијанието на пониската просечна каматна стапка, бележат раст благодарение на зголемената состојба.

Каматните трошоци бележат зголемување од 52,9 милиони денари или од 14,7 %, што е резултат на зголемениот обем на депозити на клиентите, на орочени депозити на финансиските институции заради приспособување кон условите на пазарот, како и на користењето на новите кредитни линии.

Нето-приходот од провизии и од надоместоци, во износ од 334,2 милиони денари, е зголемен за 18 милиони денари или за 5,7 % во однос на минатата година и е за 6,3 % над планираниот износ. Приходите од провизии и од надоместоци бележат засилен раст од 39,2 милиони денари, со позитивен придонес на провизиите од платните системи, на провизиите од услугите кај кредитните производи, на издадените гаранции, картичното работење, новововедените производи како пакетите, електронското и мобилното банкарство, додека зголемувањето на трошоците за провизии и за надоместоци е за 21,2 милиони денари во однос на

претходната година, на што поголемо влијание имаа активностите поврзани со картичното работење и со управувањето со готовина.

Нето-приходите од курсни разлики изнесуваат 151,4 милиони денари и се зголемени за 15,6 милиони денари или за 11,3 % во споредба со истиот период од минатата година, со реализација на планот од 113,3 %.

Другите приходи изнесуваат 130,3 милиони денари и во споредба со истиот период од минатата година се намалени за 17,4 милиони денари или за 11,8 %, што е резултат на намалените приходи од наплатените претходно отпишани побарувања по главнина и по камата. Дополнително влијание врз износот на другите приходи во минатата година имаше и капиталната добивка реализирана од продажба на преземен објект.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа на крајот од 2019 година изнесува 685,3 милиони денари и во споредба со истиот период во 2018 година, бележи зголемување од 303,9 милиони денари, на што влијание имаше и усогласувањето со групациските политики и стандарди.

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – декември изнесуваат 776,3 милиони денари и се во линија со планираниот износ, а во споредба со претходната година, бележат зголемување од 14,4 милиони денари или од 1,9 % во услови на зголемен обем на активностите и на вкупното работење на Банката.

Повисоки оперативни трошоци се забележани кај трошоците за вработените, трошоците поврзани со зголемените деловни активности, и тоа: трошоците поврзани со картичното работење, трошоците за транспорт на готовина, трошоците за хардвер, осигурувањето на депозити, трошоците за поштенски услуги, трошоците за судски спорови, додека кај сите други ставки се бележи намалување.

**Промени во сметководствените политики и во методите на вреднување**

Во периодот јануари – декември 2019 година нема промени во сметководствените политики и во методите на вреднување.

**Исплатени дивиденди.**

Во согласност со Одлуката за употреба и за распределување на добивката на Охридска банка АД остварена со годишната сметка за 2018 година, донесена на седницата на Собранието на Банката одржана на 28.5.2019 година, Банката не издвојува дел за исплата на дивиденда на акционерите.

**Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството во споредба со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

Недвижностите и опремата на крајот од декември 2019 година изнесуваат 756,2 милиони денари и се намалени за 38,2 милиони денари или за 4,8 % во однос на крајот од 2018 година.

**Промени во кредитните задолжувања.**

Обврските по кредитни линии на крајот од декември 2019 година изнесуваат 4.027 милиони денари, односно бележат зголемување од 788,8 милиони денари или од 24,4 % во споредба со крајот на декември 2018 година.

Банката во континуитет ги зацврстува позицијата на пазарот и понудата на производи наменети за кредитирање на стопанството и на населението поддржани со производи од странски кредитни линии. Во текот на месец јуни Банката ја повлече втората транша по основа на договорот со ЕФСЕ (EFSE) во износ од 15 милиони евра, со период на отплата од 10 години.

Во согласност со договорот потпишан со ЕБОР за учество во регионалната програма за поддршка на конкурентноста на МСП, Банката на крајот од 2019 година ја повлече втората транша во износ од 5 милиони евра, со рок на враќање од 7 години. Во месец декември Банката ги повлече средствата од втората транша во износ од 2 милиони евра од кредитната линија на ЕБОР, од Програмата за поддршка за зелена енергија (ППЗЕ), а средствата ќе бидат понатаму пласирани за поддршка на инвестициите на домаќинствата во „зелени“ технологии, материјали и мерки, како што се бојлери, прозорци и осветлување. Средствата ќе поддржат подобрување на енергетската ефикасност на резиденцијалните згради, ќе помогнат во намалувањето на гасовите кои создаваат ефект на стаклена градина и ќе го подобрат квалитетот на живеење на сопствениците на домаќинствата.

**<u>Очекувања за следниот период</u>**

Во текот на 2019 година успешно беше завршен процесот на преземање на Охридска банка, со што Банката стана дел од реномираната *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД, Грац, Австрија и пошироко од групацијата *Ерсте*.

Во согласност со стратегијата на групацијата, предвидено е интегрирање на двата субјекта, при што целта е да се зајакне присуството на локалниот пазар имајќи предвид дека Охридска банка претходно беше дел од силна меѓународна финансиска групација со слична деловна стратегија, стандарди за професионализам и со стабилен банкарски модел, во голема мера ориентирана кон клиентот и препознатлива на пазарот, како и со високо ниво на задоволство на клиентите, параметри што се вклопуваат со стратегијата на групацијата *Штаермеркише банк и Шпаркасен*.

Интегрираниот ентитет се очекува да има зголемен капацитет за кредитирање и да може да сервисира поголем дел од потребите за кредитирање на водечките компании и со својата стручност и пристап да биде локална поддршка за нивниот бизнис.

За клиентите физички лица, како и за малите и за средните претпријатија ќе продолжат да се развиваат модерни и дигитални банкарски производи и ќе се стави целосен фокус на квалитетот на услугата за клиентите. За постојните клиенти на Охридска банка ќе се овозможат дополнителни бенефити поврзани со географскиот регион каде што е присутна групацијата *Штаермеркише банк и Шпаркасе*, на пример, повлекување готовина од банкомати на групацијата без провизии и сл.

Како еден од најголемите странски инвеститори во земјава, групацијата *Штаермеркише банк и Шпаркасе* преку постојните ентитети ќе продолжи да ги интензивира своите активности во насока на привлекување на уште квалитетни стратешки странски инвеститори во земјата и на активно промовирање и поддршка на Северна Македонија на нејзиниот пат кон ЕУ.

Со цел да се поддржат амбициозните развојни планови, како и да се исполнат локалните регулаторни барања, групацијата ќе ја обезбеди потребната капитална поддршка во согласност со локалната регулатива.

**Биланс на успех**
**за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019**

| | Белешка | *во илјади денари* тековна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 1,522,312 | 1,531,198 |
| Расходи за камата | | (413,276) | (360,332) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | **1,109,037** | **1,170,866** |
| | | | |
| Приходи од провизии и надомести | | 533,411 | 494,192 |
| Расходи за провизии и надомести | | (199,191) | (177,991) |
| Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | **334,220** | **316,201** |
| | | | |
| Нето-приходи од тргување | 8 | 0 | 0 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | 0 | 0 |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 151,351 | 136,029 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 130,279 | 139,296 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | 12 | (685,343) | (381,466) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | 0 | 8,369 |
| Трошоци за вработените | 14 | (360,590) | (333,550) |
| Амортизација | 15 | (89,030) | (94,801) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (326,673) | (333,575) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **263,251** | **627,368** |
| | | | |
| Данок од добивка | 17 | (24,708) | (50,168) |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **238,543** | **577,200** |
| | | | |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **238,543** | **577,200** |
| | | | |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| малцинското учество | | | |
| | | | |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | 461.98 | 1,141.39 |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | 461.98 | 1,141.39 |

**Извештај за сеопфатна добивка**
**за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019**

| | Белешка | во илјади денари тековна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | 238,543 | 577,200 |
| | | | |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)** | | - | - |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за сопственички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопственичките средства расположливи за продажба | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од сопственичките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Останати резерви | | - | - |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | - | - |
| | | | |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба | | 388 | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | 116 | - |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| - ревалоризациска резерва признаена во текот на годината | | - | - |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех | | - | (8,369) |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех*** | | 504 | (8,369) |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот*** | | 504 | (8,369) |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | **239,047** | **568,831** |
| | | | |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| неконтролираното учество | | | |

**Биланс на состојба ****
**на ден 31.12.2019**

| | | во илјади денари | | |
|---|---|---|---|---|
| | Белешка | тековна година 31.12.2019 | претходна година 31.12.2018 | претходна година*** |
| **Актива** | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 11,328,348 | 8,789,384 | |
| Средства за тргување | 19 | 0 | 0 | |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 20 | 0 | 0 | |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 | |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 430 | 78 | |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 28,875,271 | 28,556,388 | |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 1,188,523 | 1,266,453 | |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина“) | 24 | 0 | 0 | |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 20,293 | 0 | |
| Останати побарувања | 25 | 80,745 | 80,359 | |
| Заложени средства | 26 | 0 | 0 | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 0 | 0 | |
| Нематеријални средства | 28 | 84,402 | 71,677 | |
| Недвижности и опрема | 29 | 756,175 | 794,390 | |
| Одложени даночни средства | 30.2 | 0 | 0 | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | 0 | 0 | |
| **Вкупна актива** | | **42,334,186** | **39,558,728** | |
| | | | | |
| **Обврски** | | | | |
| Обврски за тргување | 32 | 0 | 0 | |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 33 | 0 | 0 | |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 | |
| Депозити на банки | 34.1 | 1,331,635 | 682,000 | |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 29,935,715 | 29,148,973 | |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | 0 | 0 | |
| Обврски по кредити | 36 | 4,027,154 | 3,238,378 | |
| Субординирани обврски | 37 | 1,799,198 | 1,803,271 | |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 155,230 | 103,740 | |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 0 | 14,108 | |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | 0 | 0 | |
| Останати обврски | 39 | 554,830 | 276,882 | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | 0 | 0 | |
| **Вкупно обврски** | | **37,803,763** | **35,267,352** | |
| | | | | |
| **Капитал и резерви** | | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,368,328 | 1,368,328 | |
| Премии од акции | | 351,655 | 351,655 | |
| Сопствени акции | | 0 | 0 | |
| Други сопственички инструменти | | 0 | 0 | |
| Ревалоризациски резерви | | 504 | 0 | |
| Останати резерви | | 136,833 | 122,597 | |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | 2,673,104 | 2,448,796 | |
| **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | | **4,530,423** | **4,291,376** | |
| Малцинско учество* | | | | |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **4,530,423** | **4,291,376** | |
| | | | | |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **42,334,186** | **39,558,728** | |
| | | | | |
| Потенцијални обврски | 42 | 18,232,612 | 18,348,598 | |
| Потенцијални средства | 42 | 0 | 0 | |

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019**

| | Белешка | *во илјади денари* текoвна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(загуба) пред оданочувањето | | 263,251 | 627,368 |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | 0 | 0 |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | 25,084 | 34,443 |
| недвижности и опрема | | 63,947 | 60,359 |
| Капиталната добивка од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | (626) | (1,332) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | (12,300) |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | 0 | 0 |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 0 |
| Приходи од камата | | (1,522,312) | (1,531,198) |
| Расходи за камата | | 413,276 | 360,332 |
| Нето-приходи од тргување | | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва | | 22,152,987 | 457,010 |
| ослободена исправка на вредноста и посебна резерва | | (21,467,644) | (75,544) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | 0 | 0 |
| ослободени загуби поради оштетување | | 0 | (8,369) |
| Резервирања | | | |
| дополнителни резервирања | | 82,407 | 38,757 |
| ослободени резервирања | | (30,916) | (20,013) |
| Приходи од дивиденди | | (4,831) | (3,938) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | 0 | 0 |
| Останати корекции | | 0 | 0 |
| Наплатени камати | | 1,533,665 | 1,526,584 |
| Платени камати | | (411,261) | (360,551) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | | **1,097,025** | **1,091,608** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | | (301) | (51) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | (1,013,935) | (3,039,073) |
| Заложени средства | | 0 | 0 |
| | | 0 | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 0 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | 11,139 | (101,471) |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни односи | | 0 | 0 |
| Останати побарувања | | (17,406) | (271,673) |
| Одложени даночни средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | | 0 |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Депозити на банки | | 649,635 | 580,992 |
| Депозити на други комитенти | | 786,742 | 2,497,915 |
| Останати обврски | | 278,145 | 55,617 |
| | | 0 | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | | 0 |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | | **1,791,045** | **813,864** |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | (59,109) | (7,500) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | **1,731,936** | **806,364** |

| | Белешка | *во МКД илјади* тековна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложување во хартии од вредност) | | (1,174,268) | (1,269,618) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 1,253,361 | 1,873,430 |
| | | | |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | 0 | 0 |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | 0 | 0 |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (37,809) | (38,348) |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | 0 | 0 |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (25,720) | (116,247) |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | 626 | 1,105 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | 0 | 0 |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | 0 | 0 |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | **16,190** | **450,322** |
| | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | 0 | 0 |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | 0 | 0 |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (26,033,430) | (26,985,753) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 26,816,390 | 27,217,213 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | (19,929) | (14,036) |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | 19,656 | 14,161 |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | 0 | 430,502 |
| (Откуп на сопствени акции) | | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | | 0 | 0 |
| (Платени дивиденди) | | (603) | (35,864) |
| (Останати одливи од финансирањето) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од финансирањето | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **782,084** | **626,223** |
| | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | 2,138 | 18 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| | | | |
| **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | **2,532,349** | **1,882,927** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 7,138,464 | 5,255,537 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | | **9,670,813** | **7,138,464** |

